Годишен извештај за работа на училиштето ООУ„Дебрца“ с. Белчишта за учебната 2022/2023година

ООУ Дебрца

Август 2023

**Содржина:**

- Вовед
- Извештај за реализација на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 год.
- Материјално-технички услови за работа
- Организација и реализација на воспитно-образовната работа
- Изведување на наставата
- Воннаставни активности и проекти
- Извештај од работата на Еко-училиште
- Извештаи од натпревари (училишни, општински регионални и државни)
- Ученички екскурзии
- Годишен извештај за оштествено-хуманитарна работа
- Извештај за соработка со локална заедница
- Годишен извештај за работа на Детската организација
- Годишен извештај Ученичка заедница
- Оценување
- Извештај за работа на директорот
- Извештај за работа на психологот
- Извештај за работа на училишната библиотека
- Извештај за работата на наставнички совет
- Извештај за работа на одделенски совет
- Извештај за работа на совет на родители
- Извештај за работа на Училишен одбор
- Извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците во учебната 2022/2023год.
- Извештаи од активностите на активите
- Унапредување и вреднување на воспитно-образовниот процес

## Вовед:

Извештајот за работа на ООУ„Дебрца“ с. Белчишта е изработен согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

Воспитно- образовната дејност училиштето ја организира во подрачјето на општина Дебрца. Својата дејност училиштето ја остварува во единаесет училишни згради сместени во следниве села:

| Ред. број | Села во кои се наоѓаат училиштата | Број на паралелки Одделенија |
|---|---|---|
| 1. | ОУ„Дебрца“ с. Белчишта | 6 паралелки<br>I, II,IV,V,иVI,VII,VIIIиIX одд. |
| 2. | ПП. Велмеј | 1 паралелка<br>I |
| 3. | ПУ. Лешани | 6 паралелки<br>I, II, IV, V, VI, VII,VIIIиIXодд. |
| 4. | ПП.Злести | 1 паралелка<br>I,II,III, IVодд. |
| 5. | ПП. Ботун | 1 паралелка<br>I, II, III и V одд. |
| 6. | ПП. Издеглавје | 1 паралелка<br>I иIV одд. |
| 7. | ПП. Волино | 2 паралелки |

| | | |
|---|---|---|
| | | I, II, III и IV,V одд. |
| **8. .** | ПУ. Требеништа | 6 паралелки<br>I, II и IV,V, VI,VII, VIII и IX одд. |
| **9.** | ПП. Горенци | 2 паралелки (1 мак. пар. и 1 алб. пар)<br>I, IV Vодд. алб. пар.<br>I, II и IVодд. мак. пар. |
| **10.** | ПУ. Мешеишта | 6 паралелки<br>I, II, III и IV, V, VI,VII, VIII и IX одд. |
| **11.** | ПП. Оровник | 3 паралелки<br>I, и II,III и IV и V одд. |

Воучебната 2022/2023 година во ООУ „Дебрца“, воспитно-образовниот процес го следеа 177 ученици распоредени во 35 паралелки од кои 18 комбинирани и 17 чисти паралелки.

По национален состав од вкупниот број на ученици на ниво на училиште, 172 ученици ја следеа наставата на македонски јазик, додека 5 ученици ја следеа наставата на албански јазик, во подрачната албанска паралелка во с. Горенци.

Од сите села до училиштата е организиран превоз за сите ученици и истиот се одвива без никакви проблеми.

Воспитно-образовната дејност во подрачјето на оваа општина е посебно сложено во одделенска настава, затоа што наставата се реализира во комбинирани паралелки. Поради ваквата состојба, од сите вработени се бара поголема ангажираност и крајно сериозен пристап кон реализација на воспитно образовните содржини.

## ***Материјално-технички услови за работа***

Основното училиште „Дебрца“ с. Белчишта е развиено основно училиште. Во него се организира настава за деветгодишно основно образование, согласно Законот за основно

образование. Во состав на училиштето влегуваат и 10 подрачни училишта и тоа: во 4 училишта се изведува настава до  IX одделение, и во останатите 7 училишта се изведува настава од I до V одделение. Во најголем број од паралелките наставата е комбинирана.

Начин на загревање на училиштата:

Централното училиште во с.Белчишта загревањето е на парно (нафта), ПУ Лешани се загрева на парно со пелети, додека подрачнитеучилишта во с.Волино, во с.Мешеишта и с.Требеништа се загреваатна парно со (дрва),а кај сите останати училишта загревањето се врши со огревно дрво.

| *Преглед на простории, опремата и намештајот со кој располага нашето училиште* | | | |
|---|---|---|---|
| **Просторија** | **Бројна состојба** | **Опрема** | **Намештај** |
| **Училници** | Одделенска настава:  19<br>(3 простории с. Оровник, 2 с. Волино, 2 с. Горенци, 2 с. Требеништа, 2 с.Мешеишта, 1 с.Ботун, 1 с.Издеглавје, 1 с.Злести, 2 с.Лешани, 1 с.Велмеј, 2 с.Белчишта. | -слики<br>-телевизори<br>-видеорекордер<br>-ЛЦД проектор<br>-ДВД<br>-ЦД касетофони<br>-печатари<br>- компјутери(наставнички )<br>- лап-топ (за секое дете) | -клупи<br>-столчиња<br>-табла<br>-катедра<br>-шкаф |
| **Училници** | Предметна настава: 19<br>Во централното училиште во с.Белчишта и во подрачните училишта во с.Велмеј, с.Лешани, с. Требеништа и с. Мешеишта. | -слики<br>-телевизори<br>-ЛЦД проектор<br>-видеорекордер<br>-ДВД<br>-ЦД касетофони<br>-печатари<br>- компјутери (наставнички и за секое дете) | -клупи<br>-столчиња<br>-табла<br>-катедра<br>-шкаф<br>-паноа |
| **Кабинети** | Кабинети: 4<br>Во централното училиште во с.Белчишта и во подрачното училиште во с.Требеништа | -компјутери<br>-печатачи<br>-скенер<br>-слики<br>-микроскоп<br>-карти (историски, географски)<br>-модели на: (човек ,човечки органи и др.)<br>-опрема за предметите по: (хемија, биологија, физика, математика, ТО и музичко образование) | Клупи<br>-столчиња<br>-катедра<br>-шкаф |
| **Физичко образование** | -Затворена спортска сала  во централното училиште во с.Белчишта<br>-отворени асфалтирани игралишта за ракомет, кошарка и фудбал во | -јарец<br>-душеци<br>-пинг-понг табла<br>-топки (за кошарка, фудбал, одбојка, ракомет)<br>-греда | -катедра<br>-столче<br>-шкафче |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | централното училиште во с.Белчишта, с.Лешани, с.Мешеишта, с.Волино и с.Велмеј.<br>-земјени игралишта во подрачните училишта во с.Оровник, с. Горенци, с. Злести, с. Требеништа, с. Ботун и с. Издеглавје. | -стативи (голови)<br>-кошови<br>-јажиња<br>-халахопи<br>-безбол палки<br>-ѓуле<br>-мрежа за одбојка | |
| **Канцеларии** | -Директор 1 (с.Белчишта)<br>-Стручни соработници 1 (с.Белчишта)<br>-Административни простории 2 (с.Белчишта)<br>-Наставнички канцеларии 11 во централното и во сите подрачни училишта | -компутер<br>-пачатари<br>-скенери | -работни маси<br>-столчиња<br>-шкафови<br>-жардинерии<br>-огласна табла |
| **Библиотека** | -простории 4 и тоа (1 во централнотово с.Белчишта, 1 во с.Велмеј, 1 во с.Требеништа и 1 во с.Мешеишта) | -ученичка литература<br>-учебници<br>-списанија<br>-стручна литература<br>-енциклопедии<br>-атласи<br>-копирка<br>-компјутер, печатар | -сталажи за книги<br>-работни маси<br>-столчиња<br>-шкафчиња |

## *Организација и реализација на воспитно-образовната дејност*

Наставата во ООУ„Дебрца“ с.Белчишта се изведува на македонски јазик, освен во подрачното училиште во с. Горенци, каде учениците од албанска националност наставата ја следат на албански јазик. Наставата се изведува во една смена.

Училиштето наставата ја изведуваше во согласност со Календарот за организација и работа на училиштето во учебната 2022/2023 година и Годишната програма за работа на училиштето.

Учебната година започна на 01.09.2022 година а заврши на 14 јуни 2023 година. Реализирани се вкупно 180 наставни дена.

Наставниот кадар брои вкупно 51 наставниќ и тоа 19 наставници во одделенска настава и 32 наставници во предметна настава. Во училиштето работат: 1 директор,1 книговодител, 1 секретар, 1 психолог и 1 библиотекар и 13 вработени како технички

персонал. Вкупниот број на вработени изнесува 69. Според степенот на образование сите наставници ги задоволуваат законските одредби за изведување на наставата.

Наставниците го вршат планирањето и подготовката на наставата врз основа на моделите за планирање предложени од Бирото за развој на образованието. Наставниот кадар до средината на месец септември доставува Годишно глобално и тематско планирање на наставата, како и планирања за часот на одделенската заедница, дополнителната и додатната настава.

Во текот на учебната година наставниот кадар подготвуваше дневни подготовки за наставните часови и неделно оперативно планирање на наставата.

**Изведување на наставата**

Распоредот на наставните часови во одделенска и предметна настава е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Наставата од прво до деветто одделение се изведува во класични училници.

**Видови настава**

Наставата се организира и изведува според програми за задолжителни и изборни наставни предмети, коишто се изучуваат според Наставниот план за основното образование.

Во текот на учебната 2022/2023 година ООУ „Дебрца“ организираше:

- задолжителна настава – настава по задолжитени предмети;
- изборна настава – настава по изборни предмети;
- дополнителна настава и
- додатна настава.

Задолжителна настава – Наставата по задолжителни предмети се организираше во согласност со Наставниот план за основно образование, како и насоките зацртани во него.
Задолжителната настава се конкретизира и реализира со годишни планови, тематски распределенија и дневни подготовки. Наставата во ООУ „Дебрца“ се изведува на

македонски јазик и кирилско писмо, со исклучок на подрачната паралелка во с. Горенци, каде наставата од I до V одделение сеизведува на албански наставен јазик.

Изборна настава – Во согласност со Наставниот план за основно образование и постоечките законски прописи во текот на претходната учебна година учениците од VI, VII, VIII и IX одделение заедно со своите родители избраа изборни предмети, коишто ќе ги изучуваат во текот на оваа учебна година. По анализата на спроведената анкета во минатата учебна година се изучуваа следните изборни предмети со дадениот распоред:

- VIБелчишта: Класична култура на Европските цивилизации
- VII Белчишта:Спорт
- VIII Белчишта: Проекти од ликовна уметност
- IX Белчишта: Вештини за живеење
- VI Требеништа: Класична култура на европски цивилизации
- VII Требеништа: Проекти од ликовна уметност
- VIII Требеништа: Програмирање
- IX Требеништа: Техничко образование
- VIМешеишта: Класична култура на Европските цивилизации
- VII Мешеишта: Вештини за живеење
- VIII Мешеишта: Вештини за живеење
- IX Мешеишта: Програмирање
- VI Лешани: Класична култура на Европските цивилизации
- VII Лешани: Вештини за живеење
- VIII Лешани: Проекти од ликовна уметност
- IX Лешани: Техничко образование

Наставата по изборните предмети се изведуваше во текот на наставниот ден. Наставниот кадар преку известување на родителите и учениците и преку пополнувањето на Изјави за изборот на наставниот предмет вршат подготовка за организација на овој вид настава. Тие ќе ги користат Наставните програми за изборните предмети изработени од Бирото за развој на образованието.

Од странските јазици, прв странски јазик е англискиот јазик, за сите ученици од I до IX одделение, а во VI одделение учениците избираат втор странски јазик – германски или француски јазик.

Според наставниот план се изведуваше уште и дополнителна и додатна настава, кои имаат задолжителен карактер за училиштето и наставниот кадар.

**Дополнителна настава** ќе се организира за учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Дополнителна настава ќе се организира во зависност од потребите на учениците од I до IX одделение. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, а на крајот од учебната година дополнителна настава ќе се организира за учениците со негативни оценки.

**Додатна настава** се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати, пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, во слободното време на учениците според определени програмски содржини. Во согласност со кадровските услови ќе се организира додатна настава за учениците од второ до осмо одделение, а ќе биде организирана според претходно изготвени програми.

На почетокот од месец септември е  изработен распоред за дополнителната и додатната настава, кој, по донесувањето, станува составен дел на оваа програма.

Наставниот кадар и од одделенска и од предметна настава, во своите дневни, неделни и годишни планирања, планираат часови со примена на ИКТ во наставата со околу 30% од наставните часови по наставни предмети, како и еко-содржини од програмата „Интеграција на еко-содржини во македонскиот образовен систем“ – ги интегрираат еколошките содржини од деветте еколошки теми по предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, вработените и поширокта заедница добиваат знаења за конкретните акции, кои ги превзема училиштето за заштита на животната средина и реализацијата на програмата.

**<u>Вонннаставни активности</u>**-оваа учебна година беа на задоволително ниво. Учениците заедно со своите наставници и родители се вклучија во повеќе проекти на ниво на училиште, и проекти задолжителни од МОН и БРО.

Учениците се вклучија во повеќе спортски натпревари, приредби, литературни и ликовни конкурси, учество во подготвувањето на училишниот весник и прославување на Патрониот празник и други значајни датуми, посети на музеи, фирми, посети на институции итн.

- Свечено добредојде на сите првачиња, општина Дебрца со поддршка од 5000 денари за секое прваче во рамки на проектот „Добре дојдовте првачиња“(01.09.2022);
- Традиционално и оваа година на 03.10.2022 година се одбележа Патронатот на Општина Дебрца;
- Нашето училиште и оваа година е носител на активностите поврзани со Детската организација под мотото: „Детството е дел од детската среќа“,беа доделени и пригодни награди за најуспешните ученици кои учествуваа на ликовниот и литературен конкурс;
- Есенски излет кој беше реализиран со прошетка во најблиската околина на училиштата;
- Под мотото „Помислете и на нас“ Црвен крст Охрид спроведе кампања за помош на најранливите категории на граѓани со што се одбележа 16 Октомври , Денот на борба против гладта и неделата на борба против гладта. Активно учество зеде и нашето училиште, се собраа пакувани прехранбени производи во зависност од можностите на учениците;
- Ноќ на вештерките или(Hallowen), нашето училиште реализираше активности по повод овој празник со резбање на тиквички и други интересни работи (31.10.2022);
- Одбележување на Патрониот празник на тема: „Татковино, во срце те носам“ (11.11.2022);

- Од 20 до 26 Ноември четворица наставници од нашето училиште следеа обука на тема: „Часови со примена на ИКТ од Еразмус+програмата во Париз Франција;
- Новогодишни работилници;
- Во ООУ Живко Чинго во соработка со Сојуз за училишен спорт Охрид и ООУ Дебрца беа реализирани низа активности, по повод 142 години од раѓањето на македонскиот револуционер Тодор Александров. Бисера Огненоска деветто одделение го освои третото место во пинг понг;
- Еколошка акција и пролетно разубавување на училиштето и училишниот двор во с. Оровник, со учениците од ПУ Оровник;
- Еко акција: Во село Белчишта се одржа еколошка акција во чистење на околината и училишниот двор, во кој учествуваа учениците, наставниците и вработените од општина Дебрца, се со цел подигнување на свеста за одржување на чиста и здрава средина во која учиме, работиме и живееме;
- Одбележан и Денот на лицата со ретки болести.Учениците од ООУ „Дебрца“ Белчишта и подрачните училишта, на уникатен начин изразија поддршка на лицата со ретки болести (22.2.2023);
- Осмо мартовски работилници;
- Одбележан и Денот на шегата 1ви Април;
- 2 ри Април Ден на литературата за деца-читање на дел од книги наменети за ученичка возраст;
- 22 Април Ден на планетата земја е одбележан со разновидни активности;
- 1-ви Мај, Ден на трудот и 24-ти Мај, Ден сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј одбележани со читање на реферати;

## Ученички екскурзии

Македонија е земја која изобилува со природни убавини и културно-историски споменици. Учениците имаат можност да ја запознаат нашата татковина преку редовната настава и вонннаставните активности, излети

екскурзии итн. Тие им овозможуваат на учениците да ги прошират своите знаења, откривање и истражување на културно-историски локалитети, природни реткости и убавини на нашата татковина.

## Есенски излет

Есенскиот излет согласно Годишната програма беше изведен во блиската околина на училиштата. Организирани прошетки до блиските цркви и манастири, места со прекрасна природа беа извонредна можност за излет.

## Пролетен излет

Традицијата на пролетна екскурзија, успешно беше реализирана.Најпрво го посетивме манастирот Пресвета Богородица-Пречиста, потоа и градот Кичево ка дегопосетивме и Музејот на западна Македонија од НОБ. Потоа заедно со учениците прошетавме низ градот Кичево. Екскурзијата беше дел од негувањето на културните и традиционалните вредности на нашиот крај.

## Настава во природа

Според Годишната програма за работа на училиштето беше планирана настава во природа за учениците од петто одделение во согласност со нивните родители. Со претходно објавениот јавен оглас беше доставена една понуда до училиштето која им беше презентирана на родителите од страна на училишната комисија. Туристичката агенција целосно ги исполнуваше сите потреби и пропишани критериуми за реализација на наставата во природа, но не се реализира поради малиот број на заинтересирани ученици.

ГОДИШЕН Извештај

за еднодневна екскурзија

за учениците од III одделение

**во учебната 2022/2023**

Според Годишниот план и програма за работа на училиштето ООУ„Дебрца“ беше предвидена еднодневна екскурзија

за учениците од III одделение во текот на учебната 2022/23 год.

На 19 Мај 2023 година учениците од III одд. ги посетија Вевчани и Вевчанските Извори. Вевчанските извори се одликуваат со доста богата биолошка разновидност и се едни од најпосетените места во Македонија од домашни и странски туристи. Изобилството на вода и пештерата од која таа извира е посебна атракција за туристите. Локалитетот во изворот поседува инфо-табели од кои можат да се информираат за биолошката разновиднот во локалитетот, а исто така има уредено место со клупи и маси за рекреација за секој посетител.

На враќање од Вевчани се посети градот Струга, Струшката чаршија и реката Црн Дрим. Со тоа заврши посетата.

Вкупно 17 пријавени ученици за еднодневна екскурзија од III одделение за учебната 2022/2023 година.

Гордана Вељаноска

Годишен извештај за дводневна екскурзија за учениците од VI и IX одделениево учебната 2022/2023 година

Во месец Мај на 17 и 18 се реализира дводневната екскурзија за учениците од шесто и деветто одделение низ Македонија. Посетени беа културно-историски локалитети и споменици, манастири, цркви џамија, музејот на мајка Тереза, Матка, каде што учениците поминаа пријатни моменти возејќи се со кајче. Една вечер престојуваа во хотел во градот Скопје. Прекрасни моменти во кои учениците се дружеа и уживаа.

Одговорен наставник: Елена Ристоска

Училишен проект: „Големите мали актери“

Според Годишниот план и програма успешно е реализиран училишниот проект „Големите мали актери“ со ученици од прво до петто одделение заедно со одделенските наставници. Предвидените активности се реализирани во текот на учебната година низ три фази:

12 Април-Посетана театарот за деца и младинци-Скопје и гледање на театарската претстава „Тоби“. Преку разговор со актерите учениците ги проширија знаењата за театарот, етапните редоследи и културните навики и правила на однесување во јавен престој-театар.

Реализирање и подготовка на претстави во текот на учебната година во едно од подрачните училишта во кои учествуваа „Големи мали актери“.

9 Јуни-Панорамска обиколка на Антички амфитеатар-Охрид, запознавање и откривање на почетоците поврзани со неговата градба, намена и историско значење се до денес.

Одговорен наставник: Данче Ническа

ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОЕКТОТ**„PLAY2ADAPT“**

Учеството вакви проекти е важно од многу причини за наставниците, учениците и училиштата. Учениците кои учествуваат на вакви проекти покажуваат повисок академски успех,ги развиваат јазичните и интерперсоналните вештини, самодоверба, интеркултурно разбирање, зрелост, емпатија и разбирање за културолошката позадина и индивидуалните потреби на секое дете.Наставниците на професионално ниво добија можност за одличен професионален развој со што нивните вештини беа зајакнати.

Средбата со наставници од Европските земји дава интересна димензија и овозможува споделување на нови идеи и практики.

Придобивките од ваквите проекти не се само на индивидуално ниво.Училиштата преку вакви проекти ги јакнат човечките капацитети.Училиштата стануваат дел од големото ЕРАЗМУС семејство.

## Извештај од проектот „Културни амбасадори“

Во рамките на проектот „Културни амбасадори“ од Еразмус плус програмата беше организирана мобилност во градот Порто Португалија. Координатори на проектот беа Соња Ѕ. и Далиборка С. Симоноска, заедно тие со четворица ученици го претставија нашето училиште.

Исто така во рамките на овој проект од Еразмус плус програмата нашето училиште учествува на мобилност во Романија. Проектот од период на две години беше реализиран од земјите партнери и училиштата од Македонија, Бугарија, Турција, Португалија и Романија. Во тимот учествуваа ученици од училиштето како и Директорката Билјана С. и координаторите на проектот Соња Г. и Далиборка С.С.

## Извештај од проектот „Часови со примена на ИКТ“

Во рамките на програмата на Еразмус+ проектите за мобилност на наставен кадар четворица наши колеги Билјана Славевска директор, Сања Наковска стручен соработник психолог, Ирена Протугер одделеснки наставник и Даниел Аврамоски наставник по информатика следеа пет дневна обука во Париз Франција на тема: Часови со примена на ИКТ. Проектот е со траење од 1 година и вклучените наставници во периодот кој следи ќе ги пренесат стекнатите знаења и на колегите во училиштето.

## Грижа за здравјето на учениците 2022/2023

Планираните наставни содржини од областа Грижа за здравјето на учениците опфатени во Наставните програми по наставните предмети, според истражувањето на наставниците по одржаните Одделенски совети, на крајот од учебната 2022/2023 година се во целост реализирани.

На часовите на одделенските раководители беа реализирани содржини од програма по Животни вештини.

Реализирани се редовни лекарски и стоматолошки прегледи, вакцинации и ревакцинации и тоа :

Систематски прегледи на учениците од I одделение

Систематски преглед на учениците од V одделение

Предавање како да им помогнеме на децата со посебни образовни потреби од страна на наставниците.

Стоматолошки преглед на учениците од VI одделение

Предавање болести на респираторен систем

Стоматолошки преглед за учениците од VII одделение Предавање на тема : Мојата хигиена

Предавање на тема „Цигарите и негативни последици“ одржано од страна на учениците од IX одделение

Стоматолошки преглед на учениците од II одделение

Здрава исхрана – предавање од страна на предметен наставник

Систематски преглед на учениците од III одделение

За хигиената во училиштето се грижеа сите вработени и учениците одржувајќи ги просториите во кои престојуваа.

-Училиштето целосно ја остварува соработката со Здравствените домови, Медицински центар и Центар за јавно здравје, одделение за орално здравје-стоматологија при град Охрид, Центарот за социјални работии и други интитуции кои пружаат здравствени и психолошки услуги.

## Записник од активностите по повод детската недела

Децата се нашето најголемо богатство, нашата гордост, нашата радост и нашата иднина. Сите деца имаат еднакви права и на сите треба да им се даде неопходната поддршка

и овозможат еднакви можности. Одговорноста за децата е на целата заедница и претставува предизвик да ги научиме да ги спознаат вистинските вредности во животот и да им дадеме сила да истраат и да успеат следејќи ги своите соништа. Да го разбудимедетето во нас и денес да оставиме пораки за сите деца низ светот.

Детската недела се одбележува во сите земју членки на Обединетите Нации во првата полна недела од октомври.Конвекцијана за правата на детето како значаен документ со кој се утврдуваат основните стандарди и услови во поглед на заштитатана детето е усвоена на 20 ноември 1989 година од страна на Организацијата на Обединетите Нации. Во истата се наведуваат правата на децата во кои се укажува на нивното право да бидат почитувани, правото на образование, на игра, љубов, да сакаат и да бидат сакани, да имаат своја приватност, да другаруваат.

По повод „Детската недела„, нашето училиште и оваа учебна година реализира низа активности.

03.10.2022 – Запознавање на учениците со програмата за работа на Детската организација при нашето училиште и читање на одредбите од Конвенцијата за правата на детето

04.10.2022 – Работилница - Пишување пароли со правата на децата

05.10.2022 – Работилница - Цртање и пишување поезија на тема „Другарството е дел од детската среќа‘‘ со учениците од прво до петто одделение

06.10.2022 – Спортски активности со учениците од прво до петто одделение

07.10.2022 – Прошетка во блиската околина со пароли за правата на децата

Во текот на оваа недела, беше распишан литературен и ликовен конкурс за учениците од I до V одделение на тема: Другарството е дел од детската среќа. За најдобрите ученици беа доделени пригодни награди.

03.11.2022 - Пишување на литературни творби и цртање на тема„Татковино во срце те носам„ по повод патрониот празник на нашето училиште.

10.11.2022 - Одбележување на патрониот празник на училиштето„Дебрца„видео запис од учениците.

27.10.2022 - Хуманитарна акција „Помислете и на нас„

26.12.2022 - Новогодишна работилница

14.02.2023 - Ретко е да си редок-Поддршка на лицата со ретки болести

08.03.2023 - Работилница по повод 8ми март

21.03.2023 - Ден на екологијата

01.04.2023 - Денот на шегата

12.04.2023 - Проект„Големите мали актери„ се проследи претставата Мега гига бајка-Тоби.

13.04.2023 - Велигденска работилница

10.05.2023 - Охрид трчат - Детска трка 2023

09.06.2023 - Училишен проект„Големите мали актери„-посета на Антички театар и Центар за култура „Григор Прличев“

Одговорен наставник:
Катерина Петреска

## Годишен извештај за работата на Ученичката заедница во учебната 2022/2023 година

Во текот на учебната 2022/2023 година, Ученичката заедница активно работеше и нејзините активности беа од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Активностите се реализираа според Годишниот план и програма.

На одржаните состаноци се разгледуваа прашања во врска со успехот и поведението на учениците, прашања поврзани со воспитно-образовниот процес, културно-забавниот живот, естетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето итн.

Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба во текот на целата учебна година постоеше голема соработка и комуникација, кои истовремено даваа и голема помош и поддршка во работата на Ученичката заедница на училиштето. На состаноците во текот на ова полугодие беше дискутирано за:

Начинот на кој се гради Ученичката заедница - Учениците научија што е тоа Ученичка заедница, како се формира, а воедно беше разговарано и за начинот на кој функционира УЗ. Беше презентирана Годишната програма, активностите и работилниците се реализираа во текот на учебната година.

На учениците им беше објаснета потребата и важноста за формирање на ученички тела, беше објаснет начинот на кој се спроведува процедурата за избор на претседател и заменик преседател на паралелката, како и критериумите кои учениците треба да ги задоволуваат. Исто така, учениците ги дознаа и своите обврски и задачи во текот на учебната година.

## *ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ЕКО-УЧИЛИШТЕ 2022/-2023 година*

## Свеста и однесувањето на наставниците во однос на заштита на животната средина преку спроведувањето на еколошките активности на училиштето

Во однос на заштитата на училишната и животна средина секојдневно наставниците се трудат да го направат училиштето што поубаво, почисто и попријатно место за работа. Ги подучуваат учениците како да ги чуваат растенијата и цвеќињата, да ги наводнуваат кога е потребно и да не ги оштетуваат. Да ги одржуваат училниците и ходниците чисти и уредни, а преку разните еколошки акции да се научат самостојно да засадуваат дрвца, цвеќиња, украсни растенија и внимателно да ги одгледуваат како растат. Да го одржуваат дворот на училиштето чист без да фрлаат отпадоци, а тревата убава и зелена да не ја газат. Со тоа истовремено доаѓа до зголемување на еколошката свест и на учениците и на наставниците.

Во текот на 2022/2023 година според програмата училиштето ООУ „Дебрца“ кое е вклучено во ОХО проектот ЕКО-УЧИЛИШТЕ извршени се бројниактивности.

Формиран е ЕКО- одбор составен од ученици, родители, наставници, технички персонал, локална самоуправа, бизнис сектор.

За подобра едукација на учениците извршено е планирање на наставата со ЕКО содржини кои што ги опфаќаат сите точки од еколошката едукација (еколошките стандарди): штедење на вода, штедење на електрична енергија, уредување на дворот, уредување на училишната зграда и уредување на блиската околина.

За подобра соработка на наставниот кадар од предметна и одделенска настава наведените активности се организирани според работата на стручните активи од предметна (природни и општествени науки посебно) и одделенска настава.

За „Еколошка едукација на учениците“ во сите програми по сите наставни предмети се предвидени ЕКО содржини и истите се реализирани во текот на наставата и вонnаставните процеси.

За оваа учебна година е избран приоритетен ЕКО-стандардот „Уредување на училишниот двор и блиската околина. За таа цел се извршени бројни активности со поставување на ученички трудови и презентации на учениците на видно место во училниците и помошните училишни простории во училишната зграда.

За ЕКО-стандардот „Штедење на енергија“ поставени се бројни пораки покрај компјутерите, прекинувачите за електрична енергија и секаде каде што е потребно се со цел стекнување на навики кај сите за рационално користење на електричната енергија.

За ЕКО-стандардот „Штедење на вода“ извршени се бројни поправки на расипаните чешми во училишните згради од страна на техничкиот персонал, поставени се бројни пораки за рационално користење на водата во училиштето како од учениците, така и од вработените во училиштето.

За ЕКО- стандардот „Уредување на училишниот двор“ извршени се бројни активности за уредување на дворовите, садење и одржување на цвеќиња како во училиштето така и во училишните дворови. Сето тоа на некој начин е потпомогнато, со одбележување на „Денот на Пролета-денови на Екологијата“, „Светскиот ден на Екологијата“ и други наставни и воннаставни активности.

Успешно извршување на наведените бројни активности е можно само со добра соработка на наставниот персонал, учениците, техничкиот персонал и сите вработени во училиштето, работата на стручните активи, одбележувањето на значајните денови поврзани со екологијата. Исто така за успешно извршените активности потребна е добра соработка со родителите на учениците, локалната самоуправа, бизнис секторот и други сегменти поврзани со успешната работа на училиштето.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

од реализација на воннаставна проектна активност

## ,,ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЕКО ДАТУМИ-ЕКО КАЛЕНДАР’’

Еколошкото образование има функција да обезбеди не само еколошко знаење и знаење за природата ,туку и да се изгради свест за еколошко однесување уште од најмала возраст.Ангажирано и одговорно однесување кон зачувување и унапредување на животната средина е обврска која не става на одговорна задача со сопствен пример да ја унапредиме ,зачуваме и заштитиме човековата околина со што на вистински начин ќе покажеме дека сме дел од неа.

Со објаснување на основните еколошки поими кои често ги слушаме,нашата еколошка свест и совест се зголемува и збогатува со што стануваме посвесни за значењето на чистата животна средина и учење на најважната лекција која сите треба да ја знаеме а тоа е дека резервна планета немеме.

Главната цел на еколошкиот проект,,ОдбележувањеЕКО ДАТУМИ-ЕКО КАЛЕНДАР” е учениците да ја развиваат еколошката свест уште од најмали нозе, да се стекнат со тимски и организациони вештини и да спроведуваат еколошки иницијативи во училиштето во иднинапреку:еколошки едукации на учениците уште од најмала возраст,спроведување на најразлични активности насочени кон зачувување на чистата животна средина ,реализирање на

акции и работилници од еколошки карактер, одбележување на повеќе значајни еколошки датуми со цел запознавање,зачувување на био диверзитетот и еко системите,нивно значење,причини и последици.

Во рамки на проектот ,,Одбележуваме ЕКО ДАТУМИ-ЕКО КАЛЕНДАР” планирани воучебната 2022/2023 год, во ООУ Дебрца с.Оровник ,со учениците од прво и трето одделение, се одбележаа следниве значајни еколошки датуми реализирани со еко работилници :

- СЕПТЕМВРИ

  -16 Септември – Светски ден за заштита на озонската обвивка
  -22 Септември – Ден без автомобили
  -26 Септември – Ден на чисти планини
  -28 Септември – Ден на зелена потрошувашка

- ОКТОМВРИ
  -4 Октомври – Светски ден за заштита на животните
  -14 Октомври – Меѓународен ден на електронскиот отпад
  -15 Октомври – Меѓународен ден на пешачењето
  -16 Октомври – Светски ден на храната
  -20 Октомври – Светски ден на јаболкото

- НОЕМВРИ
  -3 Ноември – Светски ден на чистиот воздух
  -4 Ноември – Ден на климатските промени
  -17 Ноември – Ден на еколошко движење
  -29 Ноември – Ден на борба против трговијата со крзно

- ДЕКЕМВРИ
  -3 Декември – Светски ден на борба против ловот
  -5 Декември – Ден на волонтерите
  -11 Декември – Меѓународен ден на планините
  -29 Декември – Ден на биолошката разновидност
- ЈАНУАРИ
  -26 Јануари – Светски ден на образованието за заштита на животната средина

- ФЕВРУАРИ
  -2 Февруари – Светски ден на водните живеалишта
  -14 Февруари – Светски ден за зачуваување на енергијата
  -18 Февруари – Меѓународен ден на батеријата
- МАРТ
  -10 Март – Ден без чад
  -19 Март – Светски ден на ластовичките

-21 Март –Ден на пролетта, Светски ден на шумарството
-22 Март – Светски ден на водите

- АПРИЛ
  -7 Април – Светски ден на здравјето
  -22 Април – Светски ден на планетата Земја
  -26 Април – Ден на обновливи извори на енергија

- МАЈ
  -3 Мај – Светски ден на Сонцето
  -14 Мај- Светски ден на птиците преселници
  -28 Мај – Светски ден на пеперутките

  -31 Мај – Светски ден на борба против пушењето

- ЈУНИ
  -5 Јуни – Светски ден на заштита на животната средина
  -8 Јуни – Светски ден на заштита на планинската природа

Учениците при реализација на еко работилниците се стекнаасо знаења, вештини и ставови/вредности од личен и социјален развој ,општествена одговорност; развојот на самодовербата; интерперсоналната комуникација , групното одлучување и усно изразување и творење,како и стекнување основни сознанија за екологијата како наука,развивање на свест за значењето на чистата животна средина ,развивање свест за еколошко однесување и ангажирање кон зачувување и унапредување на чистата животната средина и зачувување на биодиверзитетот.

Секој ученик , за секој одбележан датум ,своите впечатоци ги претстави преку цртеж. Исто така, слики со фотографии од учениците и нивните изработки се претставени преку видео материјал и поставени на фб страната на ООУ ,,Дебрца”.

Одговорен наставник:Билјана Томановска

## *Извештај од реализирани натпревари во учебната 2022//2023 година*

## *од ООУ „Дебрца“*

**Натпревари** –Натпреварите се организираат со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата. Учениците за натпревар се подготвуваат на додатна настава и на слободнитеученички активности. Наставниците им даваат помош на учениците при изборот на литература и проверка на нивните знаења. Учениците од нашето училиште посетуваат различни натпревари под менторство на своите наставници.

На ден 24.02.2023 година во ООУ „Христо Узунов“ се одржа општински натпревар по Хемија. Ученичките Мартина Цветаноска, осмо одд. го освои првото место, додека Бисера Огненоска деветто одделение освои втора награда. И двете ученички обезбедија учество на регионален натпревар. Ментор: Наумче Танески.

На ден 19.03.2023 ПСУ Јахја Кемал-Струга организира натпревар по Математика и Физика на кој учество зедоа  и нашите ученички Анабела Нелоска и Теона Лошкоска под менторство на наставничката Македонка М. и Билјана С. Двете ученички постигнаа добри резултати.

На ден 07.04.2023 се одржа општински натпревар „Млади библиотекари“ во просториите на градската библиотека „Григор Прличев“-Охрид, на кој учество зеде и ученичката Ана Марија Аврамоска шесто одделение. Ученичката се здоби со пофалница и книга.

На ден 10.04.2023 година во организација на македонското биолошко друштво се одржа регионален натпревар по природни науки за петто и шесто одделение. Натпреварот се одржа онлајн преку платформата classmarker, а беше наблудуванпреку платформата Teams.На натпреварот под менторство на наставникот Гоце Кузески, учество зеде и нашето училиште со шест ученици од петто одд. и 4 ученици од шесто одд. со следните резултати:

КЕНГУР без граници-   РЕЗУЛТАТИ  2023  - одржан на 23.03.2023 година

Учествуваа 41 ученик и ги постигнаа следниве резултати: прва награда: 4 ученика, втора награда: 1 ученик, трета награда: 22 ученика, пофалница: 14

Виктор Мијаковски IX ООУ „Дебрца“ Белчишта  I награда
Теона Лошкоска IX ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Анабела Нелоска IX ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Виктор Целески VII ООУ „Дебрца“ Белчишта  I награда
Даниел Наумоски VII ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Стефани Ристоска VII ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Тоше Мрмачоски VII ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда

Христијан Мирчески VI ООУ „Дебрца“ Белчишта  I награда
Леона Тороманоска VI ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Теодор Каланоски VI ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Дамјан Стефаноски VI ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Давид Целакоски VI ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда
Ана Марија Аврамоска VI ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда

Иво Митрески V ООУ „Дебрца“ Белчишта  I награда
Сара Китаноска V ООУ „Дебрца“ Белчишта  III награда

Матеј Донески IV ООУ „Дебрца“ Белчишта II награда
Сара Милошеска IV ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда

Викторија Станковска III ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Стефани Мицкоска III ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Антониа Николоска III ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Мартина Упеска III ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Јована Маркоска II ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Димитар Иваноски II ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Лука Дуклески II ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Фросина Јосифоска II ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Мартин Јованоски II ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда
Андреј Станковски II ООУ „Дебрца“ Белчишта III награда

Здружение на музички педагози-Регионален натпревар при оркестарот на ООУ „Дебрца“ кој го освои првото место со 96 поени. Со овој резултат обезбеди пласман на Државниот натпревар кој ќе се одржи на 14 Мај 2023 година во Валандово.

Здружение на музички педагози-Регионален натпревар на кој наши ученици зедоа учество и во категоријата солисти во многу силна конкуренција. Под менторство на наставникот Светлана Б.Р. ги постигнаа следниве резултати: Јана Каланоска петто одделение, прво место со 96 поени се пласира на државен натпревар и Христијан Ецкоски деветто одделение го освои третото место.

Здружение на музички педагози-Државен натпревар, Viva la muzika, ученичката Јана Каланоска, петто одделение под менторство на наставничката Светлана Б.Р. настапи со песната „Тажна љубов, среќна песна“ со која освои 95 поени и го освои првото место.

Музичко образование-Настапот на оркестарот при ООУ „Дебрца“ државен натпревар одржан во Валандово од Здружение на музички педагози, со изведба на песната „Македонско девојче“ и валцер од Јохан Штраус.

На државен натпревар Viva la muzika одржан на 13 Мај 2023 година во Валандово, се натпреваруваа и наши ученици од училишниот оркестар. Под менторство на наставничката Светлана Б.Р. во категорија Орфов оркестар. Нашиот оркестар освои 82 поени и се здоби со второто место.

Училишен спорт- Во ООУ Живко Чинго во соработка со сојузот за училишен спорт-Охрид и ООУ „Дебрца“ по повод 142 години од раѓањето на македонскит револуционер Тодор Александров се одржаа спортски активности. Бисера Огненоска IXодд. Го освои третото место во пинг понг.

Во рамките на проектот „Холокаустот низ призмата на детските очи“, учениците од деветто одделение од ПУ Требеништа под менторство на наставникот Далиборка С.С. го освоија третото место на 28 Април кога и се одбележуваше Меѓународниот ден на сеќавање на жртвите од Холокаустот.

Општински натпревар по прва помош 49 по ред за основци (подмладок и средношколски младинци) одржан на 06.05.2023 година. На натпреварот под менторство на наставничката Елена Ристоска второ место освоија: Виктор М., Анабела Н. Теона Л., Андреј Н. Христијан Б., Наум Б. Пофалена и втората екипа: Елисавета К., Јована Т., Климент Б., Крсте У., Никола У.

Регионален натпревар по Хемија одржан на 06.05.2023 година во ООУ Св. Климент Охридски Охрид. Мартина Цветаноска осмо одделение прво место во третиот регион (севкупно трета награда) и обезбеди учество на државниот натпревар, додека Бисера Огненоска деветто одделение се здоби со пофалница. Ментор: Наумче Танески.

Државен натпревар по Хемија кој се одржа на 26 Мај 2023 година во организација на Сојузот на хемичари и технолози на Македонија, на институтот за Хемија. Нашата ученичка Мартина Цветаноска, осмо одделение, ученичка во ЦООУ Белчишта освои втора награда на ниво на држава и се здоби со диплома. Ментор: Наумче Танески.

Библиотекар: Лилјана Аврамоска

Извештај

Оценување-Видови оценување и календар на оценување

Годишниот извештај за оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој наобразованието.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

| Одделение | Прв квартал | Втор квартал | Полугодишна оценка | Трет квартал | Четврт квартал | Годишна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I,II,III | Описна оценка | Описна оценка | Описна оценка | Описна оценка | Описна оценка | Описна оценка |
| IV,V,VI | Описна оценка | Описна оценка | Описна оценка | Описна оценка | Описна оценка | Бројчана оценка |
| VII, VIII, IX | Бројчана оценка | Бројчана оценка | Бројчана оценка | Бројчана оценка | Бројчана оценка | Бројчана оценка |

Сумативната оценка се изведува од податоците добиени со формативното оценување.

Училишниот извештај промовира уверување дека учениците без разлика на економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности.

Увидот за напредокот во постигањата може да се види од изготвените табели на периодични,полугодишни и годишни извештаи на стручните служби на ниво на училиште .Училиштето ги промовира еднаквите можности на сите ученици и го активира потенцијалот за постигнување на максимални резултати во рамките на училиштето кои се достапни и видливи за сите ученици, родители, наставници и пошироката заедница и тоа од извештаите на :

-записници од Наставнички совет иОдделенски совет во секој квартал како и полугодишна и годишна оценка;

-записници од состаноците на стручните активи (усогласување на критериумите на оценување);

-критериуми и стандарди за оценување дефинирани на веб страната на БРО;

-Увид во педагошката евиденција и документација,дневници;

-Записници од состаноци на училишната заедница.

-Увид на тестовите и писмените работи од страна на Директор и педагошко-психолошката служба

-Статистики за постигнатиот успех и поведение на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година;

- Записници од родителски средби

-Записници од состаноци на родителите претставници на Советот на родители

-Електронски дневник

-известување на родителите за успехот и поведението на нивното дете со евидентни листови

-психолошка служба, која е подготвена во секој момент за соработка како со родителите, така и со учениците и разговор со стручните соработници.

Одделенскиоти класниот раководител редовно ги информира родителите со евидентен лист на полугодие и на крај на учебна година во електронскиот дневник, за

напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето.

## Годишен извештај за Општествено - хуманитарната работа во ООУ „Дебрца“ за учебната 2022/2023 година

Согласно својата воспитно образовна функција, училиштето организира активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество  имаат ученици, наставници, родители и пошироката заедница. Со реализација на овие активности се развива чувството на хуманост исто така се стекнуваат навики кај учениците за одржување на здрава и чиста околина, развивање љубов кон природата и природните убавини на нашата земја и да се создава почит кон спомениците на културата и историското минато.

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на подобар физички и интелектуален развој.

Нашето училиште организира и реализира разновидни општествени и хуманитарни активности:

- Одржување и уредување на училниците, училишната зграда и училишниот двор;
- Естетско обликување на просториите и ходниците во училиштето;
- Уредување на непосредната околина на училиштето;
- По повод Новогодишните празници се организираа и реализираа Новогодишни работилници во кои учениците уште еднаш ја покажаа својата умешност и беа изработени интересни новогодишни украси;
- По повод Новогодишните празници се организира хуманитарна акција „Од дете за дете“;
- Празникот на жените 8ми Март беше одбележан со преубави честитки и други изработки од рацете на учениците и наставниците.
- Велигденски работилници

**Еко патроли** – За реализација на дел од активностите планирани вопланот на активности: Одбележување на значајни еколошки датуми, следење на состојбата со животната средина, одржување  на здрава и чиста животна средина, соработка со медиумите, дистрибуција на изработени летоци и флаери и сл. редовно се спроведуваат еко-патроли од страна на учениците од различни возрасни групи. Активностите на еко-

патролите се фотографираат, документарираат во пишани извештаи, а по потреба се прави и видео запис од истите и истите тековно се објавуваат на училишниот сајт.

Членови на еколошката секција се ученици од VI до IX одд. Учениците од еко-патролата слободно можат да ги предупредуваат учениците кои не ги почитуваат еко-правилата за чување на здрава и чиста околина. Учениците од еко-патролата изготвуваат извештај со кој го известуваат одговорниот наставник за еко проблемите кои ќе ги воочат во училишниот двор и училиштето, а тој неделно треба да поднесе извештај до координаторот на еко-одборот.

## Соработка со локална средина и локална заедница

Преку соработка со локалната средина и локалната заедница ја збогатуваме воспитно-образовната работа како резултат на размена на знаења, мислења и искуства.

Соработката со локалната самоуправа и градоначалникот на Општина Дебрца е многу значајна по однос на набавка на наставни средства и помагала, парични средства за најдобрите ученици, стипендирање на одлични ученици како и учествување на сите манифестации, проекти и приредби од страна на локалната самоуправа и училиштето. На подрачјето на Општина Дебрца има неколку производствени и трговски капацитети со кои исто така се остварува добра соработка при организирање на манифестации од страна на училиштето.

Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу градоначалникот на Општина „Дебрца“ и директорот на ООУ „Дебрца“ за потребите на проектот „Еко училиште“. Со овој Меморандум Општината се обврзува да даде своја поддршка во реализирање еко- акции во организација на ООУ „Дебрца“ како што се: заедничко одбележување на Денот на екологијата, заедничко одбележување и на други заеднички активности.

Соработка и други активности:

- Посета на градоначалникот од дечињата на ООУ „Дебрца“;
- Едукација на учениците за функционирање на Општината;
- Перманентна соработка со градоначалникот и Општинскиот инспектор;
- Организирање на акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хумани);
- Организирање на прослави за празници и манифестации од јавен карактер;

**Соработка со други институции, организации, спортски друштва и Медиуми**

**Инстицуции од областа на културата**-Вклучување на училиштето во други културни и образовни активности во рамките на локалната самоуправа. На подрачјето на Општина Дебрца функционира Ликовната колонија во Белчишта со која редовно постои соработка. Исто така редовно се остварува контакт и со други културни институции како што е центарот за култура „Григор Прличев“ итн.

**Институции од областа на образованието**-Во текот на учебната година се одбележуваат значајни настани, манифестации, празници и јубилеи. Истите ќе се одбележат на ниво на училиште и на ниво на Општина согласно со Програмата на локалната самоуправа.

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО и ДПИ, Сојузот за грижи и воспитување на децата на Р. С. Македонија, со детските градинки, основните и средните училишта и факултетот за туризам при град Охрид. Соработката со основните и средните училишта од Општина Охрид и Струга се одвиваат во насока на активности од наставата и вонанаставни активности, при одбележување на значајни датуми, Патрони празници како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско-рекреативен и забавен карактер.

Афирмирање на училиштето и јакнење на соработката со локалната средина. Разменети знаења, искуства и вештини и унапредување на воспитно-образовната дејност.

**Невладини организации и спортски друштва-**Училиштето има успешна соработка со новоформираното КУД „Дебрца“ која секако продолжува. Исто така училиштето остварува соработка и со други невладини организации како што е Црвениот крст и спортски друштва.

**Здравствени институции-**Училиштето целосно ја остварува соработката со Здравствените домови, Медицински центар и Центар за јавно здравје и одделение за орално здравје-стоматологија при град Охрид и други интитуции кои пружаат здравствени и психолошки услуги и со центарот за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредена група ученици.

**Медиуми-**За успешна промоција на активностите на училиштето редовно имаме соработка со локалните медиуми (ТВ Морис ТВМ, интернет портали и др.). Во рамките на медиумските промоции училиштето го издава училишниот весник „Славеј“. Весникот се издава традиционално пред Патрониот празник на училиштето. Исто така училиштето има своја веб страна, од која можат да се обезбедат информации поврзани со работата на училиштето и наставните програми, активности, проекти, учество на натпревари, литературни и ликовни творби и др. Веб страната редовно се ажурира со објавување на фотографии, вести, настани, конкурси и соопштенија.

## *Извештај за работа на Директорот во учебната 2022/23 год.*

Директорот на училиштето низ низа работни обврски најстојува да се постигне поквалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на училиштето. Поради тоа работата на директорот се одвива низ различни подрачја во работата и функционирањето на училиштето. Работата на директорот е заснована на следните принципи и тоа: научност, интегралност, реалност, современост, селективност, рационализација, конкретизација и развојност.

Содржинските подрачја за работа на директорот се поделени во следниве подрачја:

1. **Административно-организациско подрачје**
2. **Педагошко-инструктивно подрачје**
3. **Раководење со училиштето**
4. **Соработка со средината**

За реализацијата на планираните активности со Годишната програма за работа на директорот се водиуредна педагошка евиденција и документација.

➢ **Подрачје: Административно-организациски задачи**

- Распределба на задачи и задолженија на поедини носители: распределба на наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски раководства и други задолженија;
- Изработка на задолженија и формирање на комисии и тимови;
- Организација на попис на имотот изработка на пресметки, завршна сметка и реализација на финансискиот план;
- Организирање реконструкција и адаптација на училишниот простор;
- Набавка на основни средства;
- Донесување мерки за воведување иновации во целокупната работа на училиштето;
- Други прашања од организациска проблематика и материјално-финансиски активности.

Со почетокот на учебната година од страна на директорот изготвен беше оперативен наставен план во согласност со позитивните законски прописи.Врз основа на тој план наставниците добија задолженија по предмети и паралелки и ја реализираа воспитно-образовната дејност. Во текот на учебната година се наметна и потреба од формирање на комисии за разни активности: Комисии за спроведување на попис, комисии за организирање на екскурзии, комисии за одбележување на Патрониот празник на училиштето и др.

Во текот на оваа учебна година се изготвија следните документи: Годишна програма за работа на училиштето, Извештај за реализацијата на годишната програма, Извештаи за постигањата на учениците, Извештај за финансиско работење на училиштето.

- **Подрачје: Педагошко-инструктивна работа**

- Изработка на Годишна програма за работа на училиштето
- Изработка на Програма за работа на директорот
- Изработка на Годишна програма за работа на Наставничкиот совет
- Изработка на Годишна програма за работа на Одделенските совети
- Планирање и програмирање на увидите во редовната, дополнителната, додатната, изборната настава
- Координирање и следење на работата при изготвување и реализација на распоредот на часови
- Изработка на календар за работа на училиштето
- Изработка на распоред за дежурства на наставниците
- Изготвување на проекти за санирање на приоритетни проблеми
- Изготвување програма за стручно усовршување на наставниот кадар
- Учество на состаноци, советувања и семинари за директори.

Во текот и на оваа учебна година остварена е посета на повеќето предметни и одделенски наставници.Со наставниците се водеше дискусија за унапредување на

воспитно-образовната работа и воведување на новитети.  При посетите се користеа посебно изготвени листи за следење на работата на наставниците.

Како една од посеопфатните и покомплицирани подрачја на работа следењето на воспитно-образовната работа и оваа учебна година ќе се изведува континуирано од самиот почеток на учебната година низ:

- Следење на планирањата и подготовката на наставниците истручните соработници (следење на годишните, тематските и дневните планирања);
- Планирање и подготовка на наставниците за реализација на настава
- Посета на наставни часови
- Следење, проверување и вреднување на успехот на учениците по класификациони периоди
- Организација и спроведување на екстерно електронско проверување на учениците
- Организација и спроведување на интерно проверување на наставниците кои предаваат предмети класифицирани како вештини и наставниците кои предаваат во прво, второ и трето одделение.
- Водење на соодветна евиденција и документација за следењето (протоколи, евиденциони листови, извештаи анкети и др)
- Следење на процесот на стручно усовршување на кадарот ( Присуство на обуки и семинари, десиминација, работилници по активи и сл.) За самиот процес на следење се изготвуваа извештаи кои се презентираа на наставнички совет како и на совет на родители.
- Водење на професионално досие за стручните соработници.

Во текот на оваа учебна година наставниците и стручните соработници ги проследија следните семинари и обуки:

- Обуки од БРО
- Интерни обуки

- Наставниците од одделенска настава посетија обука за имплементирање на кембриџ програмата

Во текот на оваа учебна година директорот ги посети следните обуки, работилници и семинари:

- Семинар на тема: Имплементирање на Мултиетничка интеграција во образованието во Р. Македонија
- Обука: Енергетска ефикасност
- Семинар: Развој на локален туризам во руралните средини

➢ **Подрачје: Раководење со училиштето**

- Застапување и претставување на училиштето
- Спроведување на одлуките на органите на училиштето.
- Следење и спроведување на плановите и програмите на наставниот кадар и стручните работници
- Воведување на нова технологија и иноваторство
- Организација, вреднување и надзор на работата на наставниот кадар
- Следење на ИКТ во наставниот процес

➢ **Подрачје : Соработка со средината –** Во текот на учебната година остварени се повеќе средби со родители на различни нивоа поединечни, групни и колективни. Средбите се остваруваа на иницијатива на родителите, одделенските раководители, психологот или на иницијатива на директорот. Зголемена е соработката со Советот на родители поради неговата реорганизираност и поголема флексибилност.

Како единствено училиште во општината и поради околностите што Општина Дебрца е во втора фаза на децентрализација соработката со сите институции и тела во истата се на завидно ниво.

Завидна соработка се остварува со невладини, владини, културни и други институции.А некои од нив се следниве:Црвен крст, Младински совет,национална установа Центар за култура Григор Прличев, СВР Охрид , лајонс клуб-Охрид, повеќе основни и средни училишта и други институции. Како резултат на соработката со средината произлезени се бројни акции, предавања, натпревари, забавни игри во интересна подобрување на работата на училиштето и надградување на личноста на ученикот во различни свери.

Во сверата на грижа за здравјето на учениците во соработка со Центар за јавно здравје Охрид директорот организира редовна и вонредна дезинфекција, дезинсекција и дератизација, редовни ситематски и стоматолошки прегледи на учениците, превентивни мерки за заштита од епидемија на грип, типизирани предавања во функција на унапредување на здравјето и развивање на свеста кај учениците.

Директор: *Билјана Славевска*

## *Извештај за работа на Психологот во учебната 2022/2023год.*

Психолошката служба на училиштето целосно ја реализира програмата за работа, предвидена за оваа учебна година како и мноштво други активности кои следуваа во текот на учебната година.

- Подрачја на работа

1. Непосредно следење на воспитно-образовната работа

* Следење на годишните, тематските и дневните планирања - инструкции, прегледување и пополнување формулар за евалуација

* Посета на часови- посетени се дел од наставниот кадар(пред се приправници) во текот на учебната година

* Следење и увид во водењето на педагошката евиденција

* ( континуирано прегледување на одделенските дневници , инструкции за нивно водење, сугестии за корегирање на направени грешки, запишување на првачиња во матична книга)

* Следење на успехот на учениците ( континуирано следење , разговори со ученици кои послабо напредуваат, разговори со родители, инструктивна помош за организација на процесот на учење, мотивирање и поттикнување)

* Следење на деца за упис во прво одделение ( посета на часови, разговори со одделенските наставници)

* Следење на читањето во второ одделение- испитување на брзината и точноста на читањето

* Следење на развојот на ученици со посебни потреби- разговори, вежби, инструкции за наставниците кои работат со овие ученици, водење досиеја за истите

* Изготвување на Педагошки картон за наставници како и водење на Професионално досие за наставници

2. Советодавна работа со ученици, наставници и родители

* Советодавни, информативни и консултативни разговори со ученици (идентификување на ученици кои се талентирани, откривање на проблем , преземање мерки, разговори со ученици кои послабо напредуваат, потешкотии во однесувањето, воспитно запуштени, ученици со посебни потреби)

* Разговори со родители- самоиницијативно или по нивно барање, разговори со родители пред изрекување педагошки мерки, разговори со родители на деца со посебни потреби.

* Флаери за родители со инструктивна содржина

* Помош на наставници почетници

* Советодавна работа во врска со начинот на водење на педагошката евиденција и документација како и при изрекување педагошки мерки

* запознавање и презентирање со мрежата за средни училишта во Македонија за осмо одделение

3. Аналитичко истражувачка работа

* Анализа на успехот и поведението на учениците по класификациони периоди

( тромесечие, полугодие, крај на учебна година, по одделенија, предмети, пол,споредбени анализи по тромесечија, полугодиа и крај на учебна година.)

* анализа на анкети за професионалната ориентација на учениците

* анализи и извештаи од посета на часови и увид во педагошката евиденција, извештаи од посета на подрачните училишта, извештаи од прегледување на одделенските дневници и дневни подготовки)

* извештаи за Совет на родители  (за успехот и поведението на учениցте)

* работа на проекти

4. Стручно усовршување

-Интерно стручно усовршување

-Педагошки работилници за наставници

-Инструктивна помош на активите при изготвување на различни програми.

-Учество во (стручни активи) - актив на одделенска настава, општествено јазичен, природно-математички и актив на вештини

-Извештај од испитување на читањето во второ одделение и извештај од набљудувањето на деца за упис во прво одделение- стручен актив одделенска настава

-Педагошка работилница со стручните активи за утврдување на јаки и слаби страни како и приоритети за наредна учебна година.

-Прибирање на информации и изработување на самоевалуацијата на училиштето

-Посета на семинари и обуки: семинари за имплементирање на Мултиетничкото образование во Р. Македонија, обука: Дизајнирање на алатки за функционално

спроведување на процесот на самоевалуација во училиштата, обука: Групата како место на средба, подршка и развој.

5. Педагошка евиденција и документација

* Хронолошки Дневник за работа на психологот

* Дневник за работа со ученици, наставници,родители

* Извештаи и анализи

* Евиденциони листи и формулари од следење на наставата

* Евиденција и документација за сите реализирани активности

*Програми за помош на ученици со емоционални проблеми, Програма за идентификација и подршка на надарени и талентирани ученици, Програма за превенција од заразни болести, Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето, Програма за работа со ученици со посебни потреби.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТНИ ЗАДАЧИ

*Примена на критериумите за оценување по различни предмети

* Прегледување на месечните и дневните планирања во врска со оценувањето

* Спроведено екстерно тестирање за ученици од четврто до осмо одделение

*Спроведување на интерно оценување на наставниците

*Спроведување и вклучување во повеќе проекти (Проект: „Промоција на меѓукултурно партнерство низ езерото“ во соработка со здружение „Инклузија“ - Охрид

*Инструктивна помош на наставниците во изготвување на тестови за мерење на постигнувањата

*Вклученост на родителите: Родителите се вклучуваат при организирање на Патрониот празник на училиштето, како и други свечени приредби и проекти кои ги организира нашето училиште, на родителските средби наставниците ги запознаваат родителите со наставните планови и програми, а исто така ги запознаваат и со можностите за вклучување во работата

на училиштето, родителите се редовно информирани за успехот, поведението и редовноста на своето дете, континуирано се известуваат за постигнувањата на учениците од одржаните натпревари, се запознаваат со водењето на Е-дневникот како и достапноста на истиот и др.

Психолог:

*Сања Наковска*

***Извештај за работата на училишната Библиотека2022/2023 год.***

# Извештај за работата на училишната библиотека

# и училишниот библиотекар

# за 2022/2023 година

# Библиотекар: Лилјана Аврамоска

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Време на реализација | Август 2022 |
| | Содржина на работа / Активности | Во овој месец учиме од искуствата од минатите години и се надополнуваме во работата; Размена на идеи и искуства во врска со работата; Доставување на Годишниот извештај за работата на училишната библиотека и училишниот библиотекар, Годишниот извештај за работата на ООУ „Дебрца“ за учебната 2021/2022 година и Годишната програма за работа на училишната библиотека за 2022/2023 година; Задолжителните лектири по нова програма се уредно распределени за потребите на учениците; Одредени се средства за набавка на книги и за потребите од потрошен материјал за копирање и принтање. Целта на библиотеката е што повеќе читатели и поголема искористеност на библиотеката. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Време на реализација | Септември 2022 |
| | Содржина<br>на работа /<br>активности | Во овој месец ја започнавме новата учебна година; Прием, обработка и подготовка на учебниците за училишна употреба; Елетронски внес на сите добиени учебници и по испратници, исто така електронски внес и на сите други ново добиени книги; Одбележување на Денот на независноста 8ми Септември; По повод доаѓањето на есента 23 Септември, литературните катчиња беа исполнети со песни, слики и есенски ливчиња од природата. Систематско запознавање на учениците со книгите, со посебно посветување внимание на првачињата кои за првпат се запознаваат со училишната библиотека и нејзината функција.<br>Уредување и средување на библиотеките во с. Белчишта, с.Требеништа и с. Мешеишта;<br>Припреми, подготовки и учество по повод Детската недела и распишување на конкурс за најдобра лична литературна и ликовна творба на тема: „Имаме право на среќно детство“. Претседател и записничар на Советот на родители за учебната 2022/2023 година. |
| 3. | Време на реализација | Октомври 2022 |
| | Содржина на работа/<br>активности | Традиционално и оваа година се одбележа Патронатот на нашата Општина Дебрца на ден 03.10.2022 година во с. Црвена вода на спомен обележјето на Манифестот на генералштабот на НОВ и ПОМ. Одбележан и Денот на учителот 5 Октомври со читање на реферат; Во рамките на Детската недела која секоја година се одбележува во првата седмица на месец Октомври, и оваа година нашето училиште „Дебрца“ организира свечена програма и прием на првоодделенците во Детската организација. Најдобрите ученици добија пригодни награди за ликовните и литературни творби.Одбележување на празниците 11 Октомври Ден навостанието на македонскиот народ со читање на реферат и 23 Октомври Ден на револуционерната борба на македонскиот народ исто така со читање на реферат; |

| | | |
|---|---|---|
| | | Одржување час во библиотека со учениците од трето одделение, каде што библиотекарот, како стручен соработник им објаснува на учениците која е функцијата на библиотеката и работата на библиотекарот и колку вкупно книги има во библиотеката; Учество со сопствен прилог во училишниот весник „Славеј“. Подготовки по повод Патрониот празник на училиштето; Учество во комисија за избор на литературни творби по повод Патрониот празник и изложба на најдобрите наградени песни и цртежи и останатите ликовни творби во литературните и ликовните катчиња на училиштето. |
| 4. | Време на реализација | Ноември 2022 |
| | Содржина на работа/<br>Активности | Одбележување, положување на цвеќе на спомен обележјата. Овогодинешната тема беше насловена како: „Татковино, во срце те носам“ Патронатот се одржа онлајн со снимени видео материјали. Доделување напригодни наградиза најдобрите литературни и ликовни творби на истата тема. |
| 5. | Време на реализација | Декември 2022 |
| | Содржина на работа/<br>Активности | Одбележување на празникот Св Климент Охридски 8ми Декември со подготовка на реферат и пригодна програма; Реализирање на разновидни работилници по повод Новогодишните и Божиќните празници. |
| 6. | Време на реализација | Јануари 2023 |
| | Содржина на работа/<br>Активности | Второто полугодие го започнавме со нови предизвици и нови напори во совладување на секојдневните обврски во училиштето и надвор од него; Изготвување Полугодишен извештај за работата на училишната библиотека и училишниот библиотекар за учебната 2022/2023 година; Изработка на Полугодишен извештај за целосната работа на ООУ „Дебрца“ с. Белчишта за учебната 2022/2023 година. Соработка со стручниот соработник-психолог и наставниот кадар. |
| 7. | Време на реализаија | Февруари 2023 |

| | | |
|---|---|---|
| | Содржина на работа/<br>Активности | Подобрување на училишната клима и создавање позитивна атмосфера за работа во училиштето;По повод 128 годишнината од смртта на Григор Прличев беше прочитан реферат за животот и делото на истакнатиот македонски писател од времето на романтизмот; Водење евиденција за позајмената библиотечна граѓа и средување на книгите во трите библиотеки на ООУ „Дебрца“: ЦООУ Белчишта, ПУ Мешеишта и ПУ Требеништа; Контрола и грижа за целокупниот книжен фонд; Соработка со наставниците за поуспешна библиотечна работа;Училишната библиотека обезбедува услови за учење, достапност до сите книги како извори на знаење, а за наставниците прирачници, методики, збирки задачи, атласи и друго за нивно целосно исполнување на наставата. |
| 8. | Време на реализација | Март 2023 |
| | Содржина на<br>работа/<br>активности | Во месец Март во соработка со учениците ги уредивме литературните катчиња во ходникот од училиштето, со изложба на слики и песни за пролетта, по повод Денот на пролетта 21 Март. |
| 9. | Време на реализација | Април 2023 |
| | Содржина на работа/<br>Активности | Одбележување на денот на шегата 1ви Април и Денот на литературата за деца 2ри Април. |
| 10. | Време на реализација | Мај 2023 |
| | Содржина на работа/<br>Активности | Подготовка за изготвување Годишен извештај за работата на ООУ „Дебрца“ за учебната 2022/2023г.; Подготовка за изготвување на Годишен извештај за работата на училишната библиотека и училишниот библиотекар за учебната 2022/2023г. Пополнување на формуларот за нарачка на учебници за учебната 2023/2024 година. Посета на библиотеката од страна на дечињата од градинка во Охрид. |
| 11. | Време на реализација | Јуни 2023 |

| | | |
|---|---|---|
| | Содржина на работа/<br><br>Активности | Враќање на комплетите учебници од страна на учениците. Враќање и на сите позајмени лектири и друга литература во библиотеките на ООУ „Дебрца“; Изготвување на Годишен извештај за работата на училишната библиотека и училишниот библиотекар за учебната 2022/2023 година и Годишна програма за работа на училишниот библиотекар за учебната 2023/2024 година. Изработка на дел од содржините за Годишната програма на ООУ „Дебрца“ с. Белчишта за учебната 2023/2024 година. Изготвување Годишен извештај за работата на ООУ „Дебрца“ с. Белчишта за учебната 2022/2023 година. |

**Библиотекар:***Лилјана Аврамоска ООУ„Дебрца“ с. Белчишта*

## *Извештај за работа на наставничкиот совет во учебната 2022/23*

Во учебната 2022/2023 година наставничкиот совет при ООУ„Дебрца„ с.Белчишта својата работа ја работеше согласно усвоената програма за работа. Разгледување и концепирање на Годишната програма за работа на училиштето

- Запознавање на наставниците со предлог распоред за задолженија по наставни предмети и паралелки.
- Извештаи за реализација на Годишната програма и постигањата на учениците во претходната учебна година.
- Запознавање на наставниците со измени и дополненија на Законот за основно образование.
- Информирање на наставниците за организирани семинари, обуки и за можноста за сертифицирање на наставниците.

- Периодични извештаи по класификациони периоди за постигањата, поведението и редовноста на учениците
- Периодични извештаи од комисии за прегледување на одделенските дневници
- Донесување на одлуки за поништување на оправдани изостаноци
- Презентирање на предлог модел за изработка на дневна подготовка за новата учебна година
- Дискусии по предлози на родители
- Континуирано следење на дистрибуцијата на бесплатни учебници и правилникот за користење на истите
- Активно учество во одбележувањето на Патрониот празник на училиштето
- Презентирање на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа на ООУ „Дебрца“ с. Белчишта во учебната 2022/2023 година
- Давање мислење за работата на приправниците
- Следење на стручното усовршување на наставниците
- Давање повратни информации од одржани семинари, натпревари и други активности
- Информирање на советот за согледувањата од посетите на часови од страна на директорот и психологот
- Информирање на наставниците за насоките за планирање и реализирање на наставата во наредната учебна година

## ***Извештај за работата на Советот на родители при ООУ„Дебрца“ с.Белчишта во текот на учебната 2022/2023 год.***

Советот на родители при ООУ„Дебрца“ с.Белчишта го сочинуваат 35 членови, и тоа по еден родител од секоја паралелка.

| **Бр.** | **Училиште** | **Број на родители кои се членови на Советот на родители** |
|---|---|---|
| **1.** | ПП.Велмеј | 1 родител |
| **2.** | ПУ. Лешани | 6 родители |
| **3.** | ПП.Злести | 1 родител |
| **4.** | ООУ„Дебрца“ с.Белчишта | 6 родители |
| **5.** | ПП. Ботун | 1 родител |
| **6.** | ПП.Издеглавје | 1 родител |
| **7.** | ПП.Волино | 2 родители |
| **8.** | ПП. Горенци мак. пар. | 1 родител |
| **9.** | ПП. Горенци алб. пар. | 1 родител |
| **10.** | ПУ. Мешеишта | 7 родители |
| **11.** | ПУ. Требеништа | 6 родители |
| **12.** | ПП. Оровник | 2 родители |

Советот на родители функционира по претходно изготвен план и програма, ги поттикнува родителите да учествуваат во процесот на донесување одлуки и решенија, давање идеи и предлози кои ќе бидат во интерес на подобрување на работата на училиштето од секаков аспект како и реализација на истите. Учествува во одлучување, раководење преку членови во Училишниот одбор. Родителите имаат можност за увид во планирањето од секаков вид, со тоа што доколку сметаат дека е потребно да се вклучат со нивни мисли и сугестии имаат право на тоа. Им даваат поддршка на наставниците во реализација на зацртаните планови, за имлементација на иновирана настава, поголем напредок на учениците, со посебен акцент на учениците со потешкотии во развојот, а особено поддршка на учениците со нагласен талент во одредени области. Родителите имаат активна улога во давање иницијативи

и се вклучени во организирање на вонnаставни активности во училиштето. Со родителската вклученост во училиштето се подобрува комуникацијата помеѓу родител-наставник-ученик.

- ✓ Конституирање на Советот
- ✓ Избор на двајца членови од редот на родителите за претставници во Училишниот одбор
- ✓ Усвојување на програмата за работа на Советот на родители за учебната 2022/2023година
- ✓ По иницијатива на Општина Дебрца од учебната 2018/2019 година осигурувањето на учениците го плаќа истата, плаќањето продолжува и важи и за учебната 2022/2023 година
- ✓ Разгледување на предлог-Проширена програма за прифаќање на учениците од I до III одд. за учебната 2022/2023 година
- ✓ Презентирање на програмите за екскурзии и излети за учебната 2022/2023 година и давање мислење за истите
- ✓ Презентирање на извештајот од реализираниот еднодневен есенски и пролетен излет во учебната 2022/2023 година
- ✓ Разгледување на извештајот за успехот, поведението и редовноста на учениците по кварталиво учебната 2022/2023 година.
- ✓ Извештаи за постигнатите успеси на учениците на натпревари
- ✓ .Разгледување на понуди за фотографирање на учениците од деветто одделение, подготвување на табло и алманах.

Под точката насловена како тековни прашања, родителите најчесто дискутираа за материјалните услови за работа на училиштето, запедагошките мерки кај некои од учениците и сл.

Претседател на Советот на родители

Лилјана Аврамоска

## *Извештај за работата на Одделенските совети при ООУ„Дебрца“ с.Белчишта во текот на учебната 2022/2023година*

Одделенските совети во изминатата учебна година работеа според однапред изготвената програма за учебната 2022/2023 година каде што се третираа и реализирааа активности за континуирано следење и оценување на успехот, редовноста и поведението на учениците, проценка на степенот на адаптација на учениците во прво и шесто одделение во различни временски периоди, изготвување и реализација на плановите за задоволување на потребите на децата со разни развојни потешкотии и проблеми, третман на надарените и талентираните ученици, следење и насочување на социјализациските текови на учениците, унапредување на соработката помеѓу училиштето и родителите.

Одделенскиот совет е приоритет во подобрување на квалитетот на наставата, унапредувањата на знаењата и постигнувањата на учениците и стекнување на широко познавање од сите предмети во наставата.

На одделенските совети, одделенските раководители ги изложуваа сознанијата за успехот, поведението и редовностана учениците од своето одделение. Се разгледуваше успехот на учениците по класификациони периоди, редовноста, поведението и дисциплината, напредувањето на учениците и учениците со посебни потреби како и учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини, разгледување на постигнувањата на високите резултати на учениците, особено на натпреварите. Исто така се вршеше осврт на реализацијата на наставниот материјал и други структурални подрачја. При реализацијата на Годишната програма на Одделенските совети континуирано во соработка со директорот и стручната служба изнаоѓаат начини преку тимската работа да се подобри успехот и постигнувањата на учениците, објективно стана оценувањето како поттик за подобрување на резултатите и изнаоѓање начини за мотивирање. Особено значајни се искажувањата на наставниците од кои може да се констатира дека добро се планираат и водат родителските состаноци па од таму и соработката со родителите во поглед на постигнувањата и развојот на учениците е на задоволително ниво.

# ***ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ „ДЕБРЦА“ С.БЕЛЧИШТА ВО УЧЕБНАТА 2022/2023***

Училишниот одбор на ООУ„Дебрца“ с.Белчишта како орган на управување брои девет членови согласно Законот и Статутот. Членовите се следните:

**1.**Даниел Китаноски – локална - основачот

2.Петре Голабоски – локална – основачот

3.Ана Аврамоска - МОН

4.Тане Николоски – родители заменик претседател

5.Славица Тодороска - родители

6.Тања Китаноска - родители

7.Павлина Г. Палоска-наставнички совет

8.Катерина Костовска – наставнички совет

9.Сања Наковска – наставнички совет – претседател

1.Извештај за финансиското работење на ООУ „Дебрца“ с. Белчишта

2.Одлука за формирање на пописна комисија за попис 2022/2023 година

3.Донесување на финансов план за 2022/2023 година

4.Донесување на план за јавни набавки за 2022/2023 година за ООУ „Дебрца“ с. Белчишта

5.Барање од Директорот, Биљана Славевска, за надомест за телефон и надомест за гориво

6.Одлука за касов/благајнички максимум

7.Разгледување и усвојување на Извештај од спроведен попис

8.Разгледување и презентирање на Извештаи за успехот, редовноста и поведението на учениците во учебната 2022/2023 година

9.Формирање на тим за подготовка и координација за изработка на Годишна програма за учебната 2022/2023 година.

10.Формирање на стручен тим за подготовка и реализација на програми за еднодневни излети и повеќедневни екскурзии за учебната 2022/2023 година.

11.Формирање на стручен кадар за Професионален развој на наставниот кадар во ООУ „Дебрца“ во учебната 2022/2023 година

Претседател на Училишен одбор: Виолета Мицкоска

Годишен извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот од учебната 2022/2023 година

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците и за истото подготвува тековни извештаи. Стручниот соработник – психолог изготвува анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди.

На крајот на учебната 2022/2023 година во ООУ„Дебрца“ с. Белчишта вкупниот број на ученици изнесуваше 177 ученици. Наставата во сите училишта се изведува на македонски јазик и 172 ученици ја следат наставата на македонски јазик освен во подрачната паралелка во с. Горенци каде вкупно 5 ученици следат настава на албански јазик од кои 3 момчиња и 2 девојчиња.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВ ОД ЈАЗИЧНО-ОПШТЕСТВЕНА ГРУПА
Во текот на учебната 2022/23 година нашиот актив ги имаше следните активности
1. училишен и општински натпревар по англиски јазик. Учество зедоа следните ученици

Георгина Маркоска - 5 одделение
Михале Маркоски - 6 одделение
Михаела Трпеска - 8 одделение.
учениците постигнаа успех и имаат ппофалници
ментори Катерина Костовска и Дијана Тасески
2. Посета на СМилево и Цер (**Извештај од реализацијата на проектот за посета на с. Смилево и Цер**

Според Годишната програма за работа на училиштето а во рамките на наставата по Историја за учебната 2022/23 г. беа посетени меморијалниот музеј на Даме Груев во село Смилево,спомен-соба на Смилевскиот конгрес, спомен-соба на партизанскиот одред “Даме Груев” и гробот на охридскиот војвода Христо Узунов во с. Цер.

Посетата се реализира на 09.05.2023 г. и присуствуваа 17 ученици од осмо одделение со предметните наставници по Историја Далиборка С.Симоновска и Николче Андрески.

Во раните утрински часови се тргна од училишната зграда во с. Требеништа па попатно се збираа учениците од училиштата во с. Мешеишта, Лешани и Белчишта. Најпрво беше посетено село Смилево и музејот на Даме Груев и истоимениот партизански одред од НОБ.  На враќање беа посетени гробовите на охридскиот војвода Христо Узунов и членовите на неговата чета во селото Цер.

Во попладневните часови се вративме во нашата општина.

Целите на проектната настава беа во целост реализирани, учениците се запознаа со дел од современата македонска историја, уметност и архитектура и другаруваа меѓу себе.

Одговорни наставници:

Далиборка С.Симоновска и Николче Андрески

Еразмус проект-Амбасадори на културата под менторство на Соња Љулкова и Далиборка Сајческа Симоноска.

*Цели- Подрачја на работа:*

Предвидени цели за работа на активот на одделенска настава за учебната 2022-2023 година се: ангажирање во подобрување на наставата во одделенска настава, активот ќе земе учество во одбележувањето на патрониот празник на училиштето, професионален развој и стручно усовршување на наставниците, активот ќе работи на подготовка на ученици за учество на училишни и општински натпревари, ќе работи на реализација на активности за меѓуетничка интеграција на нашето училиште со збратименото училиште, предвидено е изведување воннаставни активности за учениците, како и континуирано користење на ИКТ во наставата. Членовите на активот ќе комуницираат и соработуваат помеѓу себе преку група на schoology,како и комуникација помеѓу себе преку соодветните мрежни покривања во обем на понудените ресурси.

Во текот на првото полугодие се реализираа предвидените цели: Изготвување на програма за работа на стручниот актив.Предлог за посета на обука за онлајн учење и формирање колективна група за одделенци. Договарање за изготвување програма по повод прием на првачиња.Вклучување во проекти.Определување на содржини за одбележување на Детската недела. Подготовки за патрониот празник на училиштето – 11 ноември. Новогодишна приредба. Увид во оцените од првото тромесечие и насоки за негово подобрување

Претседател на стручен актив:
Ерлинда Села Речи

## Извештај за работата на стручниот актив - Природно математичка група предмети

Стручниот актив на природно математичката група предмети работеше и одржуваше состаноци согласно Годишната програма на стручни активи за учебната 2022/2023 година. Во сите активности кои се реализирани од страна на стручниот актив, учествуваа сите членови, како и стручниот соработник-психолог. После секоја одржана активност, присутните разменуваа мислења, искажуваа свои ставови и донесуваа креативни заклучоци.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТАКТИВ: СПОРТ ТЕХНИКА УМЕТНОСТ за учебната 2022/2023 год

**Во текотна целата година во учебната 2022/23 година ,Активот „Спорт ,Техника , Уметност" се вклучи во следниве активности:**

**- Прославување на Патронен празник на училиштето .Спортски натпревари ликовен конкурс музички запис .Учествуваа сите членови на активот.**

**-Училишна спортска лига во фудбал за машки и Училишна спортска лига во ракомет за женски се одржаа на 11.11.2022 во Спортски Балон Сала Требеништа.**

**-Ликовен Конкурс на тема„ На наградените им беа дадени сиболични награди;**

**-Настап на Оркестарот на Свечената Приредба**

**- Подготовки на Училишниот оркестар и солисти за регионалните смотри кои ке се одржат во април**

- **Нашето училиште беше поканато од ООУ„Живко Чинго’’кој во соработка со Сојуз за училишен спорт – Охрид организира спортски ден за учениците во основните училишта во Општина охрид и Дебрца по повод 142 години од раѓањето на македонскиот револуционер и великан Тодор Александров.**
- **Натпреварите се одиграа на 3ти Март (петок) со почеток од 09:00часот во училишната спортска сала која го носи името на македонскиот револуционер Тодор Александров.**

**- Натпревари се одиграа во следниве дисциплини;**

**-фудбал за 6,7 одд (максимум 12 играчи)**
**-баскет за 8,9 одд(3+1, машки и женски)**
**-шах од 1 до 9 одд ( 2 машки, 2 женски)**
**-пинг понг од 6 до 9 одд ( 2 машки, 2 женски)**

**Пехар 1,2,3 –фудбал**

**Баскет 3 пехари за машки, 3 женски**

**Пинг понг-медали 3 машкки,3 женски**

**Шах – медели 3 машки, 3 женски Нашто училиштесе пријави во 3 дисциплини и освои 3 место во две дисциплини Пинг понг и Шах**

**- По предметите Музичко образование и Оркестар, Учениците учествуваа на:**

**1. Регионален натпревар Организиран од ЗМП –**

**Здружениеето на музички педагози :**

- **Јана Каланоска,**

  **Категорија: Вокални солисти - 1 награда**

- **Христија Ецкоски,**

  **Категорија: Вокални солисти – 3 награда**

- **Училишен оркестар,**

  **Категорија: Орфов оркестар – 1 награда**

**2. Државен натпревар за вокални солисти,**

**Организиран од ЗМП –**

**Здружението на Музички педагози**

- **Јана Каланоска – 1 награда**

**3. Државен Натпревар за Хор и Оркестар**

**- Училишен Оркестар (Орфов) – 2 награда.**

**-На ден 08.05.2023 нашето училиште беше поканато на Традиционално АК Охрид трчаТ организира детска трка за најмалите охриѓанчина. Сите првачиња на територија Општина Охрид и Дебрца имаа можност да се дел од Охрид трчаТ Детска трка 2023 која се оджа на гратскиот стадион ние зедовме учество со 11 првачина**

**- По предметот Ликовна Уметност нашиот ученик Михаил Маркоски од VI одд Требеништа ја освои I награда на патронатот.**

Унапредување и вреднување на воспитно-образовниот процес

Во согласност со проектот „Интеграција на еколошката едукација во образованиот систем“ секој наставник има испланирано најмалку по две еко-содржини од секој предмет и истите се вметнати во тематско-процесните планирања. Училиштето редовно соработува и остварува контакти со сите институции од локалната самоуправа, со БРО и МОН.

Наставниците навремено ги доставија своите Годишни програми, како и Програмите од воннаставните активности. Беше успешно користена ИКТ во наставата, еко-активности, навремено внесување на податоци во е-дневникот, како и спроведување на интерактивна настава.

Беше извршен увид во Годишните, тематските, дневните планирања. Наставниците и стручните соработници електронски ги внесуваат нивните присуства на разни обуки, семинари и други настани.Уредно е водена педагошката евиденција и документација во дневникот на паралелката, односно во електронскиот дневник се внесуваат и описните и бројчаните оценки.Тимовите составени од наставници од училиштето, понатаму ги прегледуваат електронските дневници, потоа на одделенските совети, активи, наставничките совети, се презентираат извештаи од работата за прво тромесечие, за полугодие, за второ тромесечие и за крај на учебната година, исто така и за целокупната администрација во училиштето.

Се истакнува и важноста на одржувањето на индивидуалните родителски средби со одделенските раководители и советувања со психолошката служба за родители, каде се запознаваат со успехот и поведението на учениците.

Со континуирана соработка и увид во активностите на учениците и наставниците, ќе се продолжи системот на вреднување на истите, со доделување на потврди за севкупен придонес во воспитно-образовниот процес.

Проекти за унапредување на воспитно-образовната програма во училиштето кои се реализираат се следните:

- Активна настава – интерактивно учење
- Унапредување на наставата по природната група на предмети
- Здравствено образование – здрава исхрана
- Инклузија на деца со посебни потреби
- Проект за меѓутеничка интеграција на младите во образованието
- Интегрирана еколошка едукација – реализација на проект на МОН

Водење на новата педагошка евиденција и документација-електронски дневник, водењето на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности, планирање на наставата во комбинирани паралелки и упатство за воннаставни активности и како продолжение на стручното усовршување на наставниците се:

- обуки организирани од БРО
- обуки организирани од МОН
- обуки од различни провајдери

## Заклучок

Извештајот содржи теми од реализацијата на задолжителната настава, вонаставните активности и други стручно-педагошки подрачја, со што креираме слика за животот на училиштето во текот на целата учебна година.

Голем број активности и задачи од Годишната програма за работа на училиштето се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекувани цели.

Акцент се стави и на унапредување на соработката со родителите,градење на систем на позитивни вредности,почитување и толеранција помеѓу учениците и создавање на подобри услови за изведување на наставата.

10.08.2023 година

Изработил:

Стручен соработник-библиотекар:

Лилјана Аврамоска

Директор:

_____________________

Билјана Славевска